Врз основа на член 33 став (2) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161/19 година), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
## за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта

Член 1

Со овој правилник се уредува организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта.

Член 2

Дополнителната и додатната настава основното училиштето ги планира со годишната програма за работа на училиштето.

Основното училиште обезбедува просторни и материјално-технички услови за реализација на дополнителната и додатната настава.

Основното училиште изготвува распоред на  месечно ниво за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница.

На  крајот на наставната година училиштето врши  евалуација на  реализацијата на дополнителната и додатната настава.

Член 3

За реазлизација на дополнителната и додатната настава се соработува со родителот/старателот, и тоа:

- информирање на родителот/старателот за потребата ученикот да следи дополнителна настава и  за распоредот за реализирање на дополнителната настава,
- согласност од родителот/старателот ученикот да следи  додатна настава и информирање за распоредот за реализирање на додатната настава,
- редовно информирање на родителот/старателот за напредокот на ученикот и
- давање совети, сугестии и насоки за натамошен напредок на ученикот за конкретно подрачје/област.
- вклучување на родителот/старателот во планирањето на додатната и дополнителната настава.

**Дополнителна настава**

Член 4

Дополнителната настава се организира за учениците од прво до деветто одделение кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми или очекуваните резултати од одредени теми/области во рамките на наставните програми.

Член 5

- Ученици за кои се организира дополнителната настава се:
- ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет,
- ученци кои покажале слаби резултати од учењето (имаат негативна оценка за тој очекуван резултат или тема),
- ученици што подолго време отсуствувале од настава и
- ученици со потешкотии во учењето.

Член 6

Ученикот од прво до петто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу два различни наставни предмети одделно.

Ученикот од шесто до деветто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу три различни наставни предмети одделно.

Дополнителната настава за ученикот трае додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати согласно наставната програма.

Ученикот се вклучува во дополнителна настава по проценка на наставникот од следењето на напредокот на учениците во настава, во согласност и договор со родителот/старателот.

Член 7

Наставникот ја планира и реализира дополнителната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година.

Наставникот ја организира и реализира дополнителната настава со група од најмногу десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделние.

Доколку има помалку ученици од бројот од ставот 2 на овој член, а за кои има проценка од наставникот, наставникот за тие ученици организира и реализира дополнителна настава, со цел да се постигнат очекуваните резултати согласно наставната програма.

Член 8

Наставникот ја реализира дополнителната настава придржувајќи се на наставната програма за конкретниот наставен предмет, а согласно потребите на учениците.

Начинот на работа на наставникот на часот за дополнителна настава е, по правило, индивидуална/индивидуализирана работа.

По потреба, наставникот може да организира реализација на дополнителна настава со групна форма на работа, доколку учениците имаат исти потешкотии во постигањето на очекуваните резултати (на пример: конкретна цел од иста тема од наставната програма).

Работата на наставникот се усогласува со стилот на учење на ученикот, се користат содветни дидактички средства и материјали, се применува интерактивен пристап и се користат активни методи на учење.

Член 9

Наставникот континуирано го следи напредувањето на ученикот со цел да констатира дека ученикот ги надминал потешкотиите, ги постигнал очекуваните резултати или има потреба за продолжување на дополнителна настава и за истото го информира родителот, односно старателот.

Доказите за напредокот на ученикот наставникот ги чува во портфолиото на ученикот. Прибраните докази му користат на наставникот за планирање на наставата, информирање на родителот, односно старателот и стручната соработници во училиштето.

Член 10

Наставникот дополнителната настава ја евидентира во обазец на педагошката евиденција и тоа: Педагошка евиденција за дополнитетелна настава

Постигањата на ученикот во дополнителната настава не се оценуваат.

**Додатна настава**

Член 11

Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмет и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет.

Член 12

Додатната настава можат да ја следат ученици од прво до деветто одделние и тоа:

- напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет,
- ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма и
- ученици што се пријавуваат за учество на натпревари.

Член 13

Додатната настава ја реализира одделенскиот наставник, односно наставникот по конкретниот наставен предмет за кој покажал интерес ученикот.

Член 14

Наставникот ја планира додатната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година.

Наставникот е должен да му понуди на ученикот од членот 12 од овој правилник следење на додатна настава, а ученикот одлучува во договор со родителот, односно старателот за посета на часови за додатна настава.

Додатната настава ученикот ја следи во текот на целата учебна година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот и во соработка со родителот, односно старателот.

Додатната настава се организира во мали групи со најмногу до десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделение.

Член 15

За реализација на додатната настава наставникот:

- ги идентификува учениците;
- изготви програма за додатна настава согласно интересите на ученикот;
- ја реализира програмата;
- го следи и контролира напредокот на ученикот и
- води педагошка евиднција за додатна настава.

Член 16

Идентификацијата на ученикот наставникот ја врши од учениците од членот 12 од овој правилник.

Програмата за додатана настава од член 15 алинеја 2 од овој правилник, наставникот ја изготвува во соработка со ученикот и ја надополнува со предлози на ученикот.

Наставникот ги планира и ги обезбедува материјално-техничките услови за реализација на часовите по додатна настава и изработува соодветни дидактички материјали.

Начинот на работа на наставникот на часот за додатна настава е, по правило, со индивидуализирана работа.

Работата на наставникот се усогласува со стилот на учење на ученикот односно, тој да ја насочува работата на ученикот за постигнување на планираните очекувани резултати.

Наставникот исклучиво има интерактивен пристап и користи активни методи на учење, како што се: истражувачки активности, учење со откривање и решавање на проблемски ситуации, самостојно истражување од страна на ученикот и слично.

Член 17

Наставникот континуирано го следи напредувањето на ученикот согласно изготвената програма со цел да го констатира развојот, да ја планира идната работа, да поставува нови предизвици за развојот на ученикот.

Наставникот доказите за напредокот на ученикот ги чува во портфолиото на ученикот. Прибраните докази му користат на наставникот за планирање на идната работа, информирање на родителот/старателот и стручната служба во училиштето.

Член 18

Наставникот додатната настава ја евидентира во образец на педагошката евиденција и тоа: Педагошка евиденција за додатна настава

Постигањата на ученикот во додатната настава не се оценуваат.

Член 19

Овој правилник влегува со сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр.12-4095/1
23.03.2020 година
Скопје

**М И Н И С Т Е Р,**
**Dr. Arbër Ademi с.р**